Врз основа на членовите 110, 170 и 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) и член 7, член 12, член 26 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), а согласно одлуката на Наставно научниот совет број 02-299/2 од 7.9.2020 година и Известувањето од Министерство за финансии бр.18-757/2 од 24.01.2020 година за добиена согласност за вработување, Факултетот за шумарски науки, пејзажна аритектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, распишува

**К О Н К У Р С**
**за избор и вработување на (1) еден кандидат во соработничко звање - асистент**

1. Се распишува конкурс за избор и вработување на 1 (еден) кандидат во соработничко звање асистент на катедрата за Ловство, научно-истражувачко подрачје (40000) Биотехнички науки, научно-истражувачко поле (41000) Шумарство и хортикултура, научна истражувачка област (41008) друго – ловство, согласно меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области.
2. Кандидатите кои ќе се пријават на конкурсот треба да ги исполнуваат општите услови согласно член 170 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), како и условите согласно постојните критериуми дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).
3. Кандидатите кои ќе конкурираат треба да поднесат: пријава, кратка биографија, изјава дека ги исполнуваат општите и посебните услови за работното место, документите со кои се докажува исполнетоста на условите и уверение за државјанство.
4. Избраниот кандидат ќе заснова работен однос согласно одлуката за избор во соодветно соработничко звање, а врз основа на одредбите од Законот за високото образование.
5. Работното време на соработникот-асистент е определено во согласност со актите на Факултетот.
6. Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.
7. Пријавата со потребната документација се доставуваат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ Скопје, ул. “16-та Македонска Бригада“ број 1, 1000 Скопје.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**

**Декан**

**проф. д-р Кирил Сотировски**